РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ

за период од 2022 до 2026 година



ЈУЛИ 2022

Преамбула

Основното образование се развива врз низа на начела: право на бесплатно и квалитетно основно образование за секое дете, еднаквост, пристапност и инклузивност, обезбедување на квалитетно образование и меѓународна споредливост на знаењата на учениците, активно учество на учениците во животот на учениците, унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, мултикултурализмот, грижата за здравјето на учениците, заштита од дискриминација, афтономност, компетентност и одговорност, изградено партнерство меѓу училиштето, родителите/старателите и единиците на локалната самоуправа.

На сите овие начела ќе се води училиштето преку планираните и реализираните активности од Развојната програма за работа на училиштето кое претставува најзначаен документ за работа на училиштето.

Врз основа на Законот за основно образование член 49 (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161 од 05.08.2019 год.) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште член 1 и 2 изготвен од МОН (објавен 06.07.2020 год.) се изработи Равојната програма за период 2022/2026 година на ООУ,,Александар Урдаревски,, општина Чучер-Сандево.

Училишниот одбор, Советот на родители, директорот, стручната служба и наставниот кадар ќе ја следат и оценуваат имплементацијата на Развојната програма за период 2022/2026 година на ООУ,,Александар Урдаревски ,, - општина Чучер-Сандево.

Изработената Развојна програма за период 2022/2026 година на ООУ ,,Александар Урдаревски,, општина Чучер-Сандево, како важен документ комисијата ќе ја достави до Наставничкиот совет и Советот на родители за мислење и по добиеното позитивно мислење истата ќе ја достави до Училиштниот одбор за усвојување на предлог на Директорот на училиштето и до основачот.

Содржина

Вовед

1. Податоци за основното училиште

1.1Идентификациони податоци за училиштето

1.2 Историјат на основното училиште

1.3 Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1 Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

2.2 Работен стаж на вработените

2.3 Простор

2.4 Опрема и наставни средства

2.5 Материјално-финансиско работење на училиште

3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма

4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1 Самоевалуација на основното училиште (интерна)

4.2 Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа

6. Мисија и визија на основното училиште

7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

9. Соработка на училиштето со општината, институции од областа на образованието, НВО, и др

10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на училиштето

11. Евалуација на Развојната програма за работа на училиштето

12. Заклучок

13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиштето

14. Користена литература

Вовед

Развојна програма на ООУ „Александар Урдаревски,, општина Чучер-Сандево” е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Овој документ треба да се сфати како алатка која помага во унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлегува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат. Освен тоа училиштето во развојното планирање и самото е иницијатор и актер на сопствените промени.

Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали.

Како цели во развојната програма се обидовме да ги вградиме:

- Унапредување и осовременување на условите на реализација на наставата
- Развивање и напредување на компетенциите и потенцијалите кај учениците
- Развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки
- Воспитување за почитување на различностите, соработка, почитување на основните човекови слободи и права
- Подготвување на ученикот за одговорен живот во слободно граѓанско и демократко општество.
- Развивање на способностите и вештините за истражување, експериментирање и решавање проблеми.
- Стекнување општи и применливи знаењеа и вештини што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование.
- Унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за превземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина

- Промовирање на креативноста, индивидуалниот развој и личноста на учениците
- Подигање на квалитетот на воспитно образовниот процес кој ќе поттикнува и развива креативно и критичко размислување
- Унапредување на професионалниот развој на вработените кој ќе ги следи современите текови на животот и технолошкиот развој
- Постојана грижа за здравјето во училиштето
- Градење на взаемна почит, доверба и позитивна клима и средина за учење
- Унапредување на формите на соработка со родителите и локалната самоуправа

Развојната програма се заснова на : Закон за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20), Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Концепција за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта акон за наставници и стручни соработници (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) , Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Концепција за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, подзаконски и интерни акти, Стратегија за образование 2018-2025, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Самоевалуација на училиштето 2018-2020год, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

Податоци	
Име на основното училиште	Општинско Основно Училиште „Александар Урдаревски”
Адреса	Ул1 бр.11 с.Сандево
Телефон	02/2666-096 ; 02/2666-098
Место, општина	општина Чучер-Сандево, Скопје
Веб-страница	https://ooualeksandarurdarevski.edu.mk/
Е-маил	aurdarevski10@yahoo.com
Внатрешна површина на училиштето (m2)	2901 m2
Училиштен двор (m2)	22 455 m2
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	Не
Капацитет на училиштето (максимален број на ученици)	500
Број на ученици (моментална состојба)	239
Број на паралелки	15

Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	1 смена
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не

1.2.Историјат на основното училиште

Основното општинско училиште „Александар Урдаревски“, општина Чучер-Сандево - Скопје, Република Северна Македонија, е основано во 1963 година со верификационен број на актот 10-1622/2 од 19.01.1995 год.

Основното општинско училиште Александар Урдаревски општина Чучер-Сандево -Скопје е сместено во с.Сандево и ги опфаќа учениците со место на живеење од селата Бразда,Глуво,Бањани,Чучер-Сандево,Горњани и Мирковци.Во учебната 2021/2022 год. во училиштето учат вкупно 239 ученици кои се распределени во 15 паралелки а наставата ја реализираат 31 наставник.

Раководен орган на училиштето е директорот Сузе Велковска Радевска која е одговорна за законитоста во работењето и материјално финансиското работење на училиштето.

Александар Урдаревски, познат како *Станко* или *Санде*, (20 јануари 1920 во Чучер, Скопско — 1 февруари 1943 во Липљан, Косово) — македонски партизан, борец за слобода на Македонија, македонски комунист и учесник во НОБ.[1] Прогласен е посмртно за народен херој во 1951 година. Неговото родно село е именувано „Чучер-Сандево“ по него.

1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Основното општинско училиште Александар Урдаревски општина Чучер-Сандево -Скопје се наоѓа во селото Сандево, има прекрасен голем двор со зеленилои дрва. Во негова близина има само неколку куќи и детска градинка која е изградена во склоп на училиштето и која е во подготвителна фаза за работа.

Училиштето е адаптирано за децата кои имаат физички хендикеп, меѓу кои и деца во инвалидска количка, изградена е пристапна рампа на влезот на училиштето што им овозможува на учениците подобар и полесен пристап до училиштето а во подготовка е и до Октомври 2022 година се планира да биде отворена и сензорна соба која е од огромна важност при работа со децата со попреченост во која учениците може да поминуваат одреден период од денот, опремена со посебни реквизити, сензорни и дидактички материјали како и сензорно осветлување а се со крајна цел за рамноправна вклученост на децата со попреченост во редовната настава.

Голем број на ученици од училиштето под менторство на наставниците по македонски, математика, англиски, историја, географија, информатика, хемија, физика, ликовно образование, музичко образование , физичко и здраствено образование и одделенски наставници, учествуваат на бројни општински, регионални, државни, меѓународни натпревари,конкурси и сл.

2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

Стручен профил	**Број на извршители**						
Наставен кадар	Одделенска настава	8				ВСС-7	Магистерски студии-1
	Предметна настава	23			ВШС-4	ВСС-19	
Раководен кадар	1						Магистерски студии
Стручни соработници	3					ВСС-3	
Административни службеници	2			ССС-1		ВСС-1	
Помошен и технички кадар	6		ОС-1	ССС-5			

2.2. Работен стаж на вработените

Работен стаж	**Број на вработени наставници во одделенска настава**	**Број на вработени наставници во предметна настава**	**Број на вработени стручни соработници**	**Број на вработени администра-тивни службени-ци**	**Број на вработен технички персонал**	**Број на вработен раководен кадар**
До 10 години	1	12	2	/	3	1
Од 10 до 20 години	1	5	1	1	2	/
Од 20 до 30 години	5	2	/	/	/	/
Повеќе од 30 години	1	4	/	1	1	/
Вкупно	8	23	3	2	6	1

2.3.Простор

Просторија	Вкупен број	Површина (m2)	Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година)	Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.)
Училници	15	742,3м2	5	Потребна е дополнителна просторија за дневен прстој
Кабинети	4	49,31м2	5	
Библиотека	1	17,92м2	5	
Медијатека	/	/	/	
Читална	/	/	/	
Спортска сала	1	224,58м2	3	Потребна е реконструкција на спортската сала
Канцеларии	5	112,6м2	5	
Училиштен двор	1	22455м2	3	
Заеднички простор за прослави	1	116,1м2	4	
Кујна	1	6,67м2	5	
Трпезарија	/	/	/	Потребна ни е трпезарија за учениците кои ќе посетуваат дневен престој
Друго		1632м2		Потребна ни е сензорна соба за

				учениците со посебни потреби

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА	
Постоечка опрема и наставни средства	**Потребна опрема и наставни средства**
➢ Компјутери ➢ Смарт табла ➢ Проектори ➢ Принтери ➢ Постери со абецедата, ➢ Своерачно изработени дидактички материјали ➢ Основни 3Д форми со можност за спојување и градење сложени 3Д форми ➢ Геометриски тела ➢ Табела стотка ➢ Таблица за множење,	➢ Учебници и работни тетратки за одделенијата II-IV (“Learn with us”), ➢ Смарт табли онаму каде што нема, ➢ Флеш карти со основни поими за прво – трето ниво. ➢ Постери со основните граматички времиња и формули за истите. ➢ Магнетчиња за закачување на таблата плакат со букви печатни и ракописни кирилично писмо, креди во боја, ➢ Лектири, книги со басни, гатанки, брзозборки кратки текстови Бајки, сказни, ➢ Одржување на компјутерите, редовна онлајн врска и конекција на електронските учебници за IV одд., ➢ Плакат со овоштарни и зеленчукови градини - видови делови на растенијата и видови корен стебло, лист ➢ Плакат со сообраќајни знаци, крстосница, превозни средства, ➢ Рељефни карти- мали

- Линијари,
- Шестари
- 3Д-форми,нагледни плакати,
- Логички игри,
- MIND Designer робот
- Постер „Sид на дропки“
- Модел на куб
- Глобус, карти со размер,
- Топки (баскет, за фудбал, за ракомет, за одбојка, лесни гумени топки)
- Хулахопи
- Јажиња за скокање
- Стопери за игра
- Шведска клупа за прескокнување
- Друштвени игри (Не лути се човече, Сложувалки и сл.)
- Магнети
- лампа батериска-
- Садови за топење на одредени смеси (чоколадо, сладолед, путер)
- Лупи и мали и големи
- Термометар
- Стоперка
- Батерија/келија
- Штипки крокодилки
- Струготини од железо затворени во провиден сад (пр. Петриева шолја).
- Компас
- Еннциклопедии,
- Илустриран материјал за Земјата (рамна плоча, округла, земјини сфери, обвивки, илустриран материјал и од природни појави),
- Струјни кола
- Звучна вилушка
- Сет со различни видови на карпи:вулканска карпа, седиментна карпа,метаморфна карпа...)
- ниски кошови обрачи за кошарка
- Играчки реквизити неподвижни (вкопани) конструкции со лулашки, клацкалки, јажиња за качување, мост со препреки,

	➢ Компјутер за секое дете ➢ Слушалки и звучници за секое дете ➢ Различни видови, хартија, картони, фурнир ➢ Лесонит ,иверица и шпер плоча

ПРЕДМЕТНА НАСТАВА	
Постоечка опрема и наставни средства	**Потребна опрема и наставни средства**
➢ Училишна библиотека ➢ кабинет со библиотечен фонд, ➢ Учебници, ➢ Книги, лектирни изданија ➢ ЦД плеери, ➢ компјутери, ➢ принтери ➢ Линијари ➢ Триаголници ➢ Шестари ➢ Модел на куб ➢ Геометриски тела	➢ Набавка на нови наслови на лектирни изданија ➢ Книги за медиум и филм, ➢ Стручна литература за наставници, ➢ Работни тетратки ➢ Училница по странски јазици, опремена со компјутер, проектор и смарт табла. ➢ Коцки за демонстрација на специфична тежина, ➢ Демонстратор на Втор Њутнов закон, ➢ Еднинечен прекинувач, ➢ Електростатика (сет за прикажување на заемно дејство на електрични полнежи), ➢ Постери- Фотосинтеза, ➢ Модели на Систем за излачување,

- Основни 3Д форми со можност за спојување и градење сложени 3Д форми
- Дигитална вага
- Амперметар
- Волтметар

- Табела стотка
- Речници,
- Хамери и хартија во боја
- Мензура,
- Магнети,
- Стаклена призма
- Динамометар,
- Модел на бубрег
- Модел на срце
- Модел на око
- Микроскоп
- Географски карти на Македонија,Азија,Африка, Северна и Јужна Америка,Австралија,Балкански полуостров,глобус

- Модели на Бели дробови
- Човечко тело со органи,модел на черепен мозок
- Предметни и покривни стаклениа
- Готови препарати - животински и растителни.
- филтер хартија.
- Реагенси - Бенедикт и Биурет,
- Карта на Свет
- Кабинет по музичко образование (една училница за изведба на настава и оркестар)
- Детски музички инструменти
- Кабинет по информатика
- Училишна табла со испечатен координатен систем во училниците каде се реализира настава по математика
- Паус хартија
- Танграм фигури за секој ученик во паралелка кај што се реализира настава по математика 6 одд
- Бројна оска (модел: пиши-бриши) за секој ученик кој следи настава во 6-то одделение
- Геотабли за секој ученик во паралелка кај што се реализира настава по математика 6 одд
- Модел на мрежа на 3Д форми

➢ Комплет микробит ➢ MIND Designer робот ➢ Клавир ➢ Мандолини ➢ Своерачно изработени дидактички материјали .	
➢ Епрувети ➢ Стаклени чаши, ➢ Периоден систем ➢ Сталак за епрувети, ➢ Стаклено стапче, ➢ Тапи, ➢ Ерленмаер, ➢ Саатно стакло ➢ **Хемикалии**:Етанол,H_2SO_4, HNO_3, цврст NaOH, глукоза. ➢ Шкаф метален затворен ➢ Еден двокрилен шкаф со стакло ➢ Двокрилен шкаф затворен ➢ Клупи -	➢ Правила за безбедност во лабараторија(постер) ➢ Знаци за опасност кај хемиските супстанци(постер) ➢ Дополнителни епрувети ➢ Саатнистакла ➢ Стаклени чаши ➢ Мензури ➢ Модел на молекул ➢ Дестилатор за вода ➢ Држач за хемиски експерименти ➢ Филтер хартија(кутија со 100 ливчиња), ➢ Фенолфталеин ➢ Метил портокалово ➢ Универзална лакмусова хартија

➢ Чешми - ➢ Столчиња - ➢ Работна маса ➢ Мантили ➢ Ракавици ➢ Електричен бокал за вода-1	

2.5.Материјално-финансиско работење на училиштето

ООУ„Александар Урдаревски“– општина Чучер Сандево, материјално финансиското работење го спроведува согласно законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17).

Според Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18) буџетските корисници единки се задолжени да водат посебно сметководство за буџетските и посебно за сопствените

приходи,според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања (уплат и исплати на тие средства).

Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски

903 - Наменска - Сметка на основниот буџет

603 - Наменска - Сметка на буџет – општина

787 - Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (Основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор за одржување курс по англиски јазик , издавање на фискултурната сала и вонредни приходи).

757 - Донаторска сметка

Училиштето како единка корисник на буџетски средства за да може да биде финансирано и да може да работи материјално финансиски, изготвува Финансиски план на годишно ниво и тоа посебно за 903- Наменски дотации и 787 – Самофинансирачки дејности.

Предлог финансиските планови се доставуваат до Училишниот одбор на училиштето. Се разгледуваат и усвојуваат. Се донесува Одлука за усвоен Предлог финансиски план за наредна година.

По усвојувањето и донесување Одлука истиот се доставува до општина – Чучер Сандево, каде Предлог финансискиот план се разгледува и одобрува на седница на Совет на општината.За сите предвидени набавки според планот за финансиско работење кои надминуваат 60,000 денари се изготвува План за јавни набавки кој се усвојува од страна на Училишниот одбор и се прикачува на страната на Електронскиот систем за јавни набавки.

Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата . Во изминатиот период во училиштто е направена значителна промена како во училишната зграда така и во училишниот двор. Континуирано се следи состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување

3.Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Наставата во училиштето се одвива во една смена. Наставниот процес за наставните предмети во училиштето се реализира согласно Наставните планови и програми за деветгодишно основно образование донесени од БРО-МОН. Според Наставниот план и програм во училиштето се изведува настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава.

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007 година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование. Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ова ниво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години.. Наставните програми опфаќаат развојни цели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение и конкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе нови предмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странски јазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето како задолжителен предмет во III и IV одделение; творештво и во IV и V одделение како изборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIII и IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класична култура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од инорматиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма за образование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира на часот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставните предмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, Велика Британија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика и предметите од природните науки физика, хемија и биологија од VII до IX одделение. Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата за изработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешки документ Стратегија за образованието 2018/2025.

Од учебната 2019/2020 година беше воведена реализација на тандем настава по физичко и здравствено образование во прво одделение од одделенски наставник и предметен наставник по физичко и здравствено образование.

Од учебната 2021/2022 година учениците од I и IV одделение ја следат наставата според новата Концепција за основно образование.

Учениците учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности согласно со годишната програма за работа на училиштето и согласно Упатство подготвено од страна на Бирото. Училиштето активно организира и реализира воннаставни активности како: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, приредби, посета на музеи и културни институции, настава во природа согласно законските одредби како и активности на ученичката организација.

4.Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години	
4.1. Самоевалуација на основното училиште	
Подрачје	**Резултати**
	Согледувања од Самоевалуацијата
	Наставните планови и програми се во согласност со оние предвидени и одобрени од МОН и во целост се реализираат.Од сумираните податоци од анкетните листови за ученици и

Организација и реализација на наставата и учењето	родители се заклучува дека тие не можат да влијаат врз начинот на реализација на наставните планови и програми, а наставниците можат да влијаат на повеќе начини (избор на учебник, примена на современи методи на работа, примена на ресурси и истражувачка работа за подобро постигнување на успех како и примената на ИКТ во наставата) Училиштето ги приспособува наставните планови и програми на карактеристиките и потребите на локалната самоуправа.Наставните планови и програми подеднакво им се достапни на наставниците, учениците и родителите. Изборот на наставните предмети се врши со помош на анкетни листови, без разлика на пол и етничка припадност. Поддршка за подготвување и осовременување на наставните планови и програми, наставниците добиваат од колегите, а наставната програма тимски се подготвува и осовременува по активи. Можности за интегриран пристап постојат, како во одделенска така и во предметна настава, особено во сродните предмети (математика, физика, хемија, биологија...) Аспектите раководење, договарање, самодоверба, соработка, разрешување на конфликти кои се во функција на прашањето за степен на помагање на наставните планови и програми врз личниот и општествениот развој на машките и женските ученици од различно етничко потекло, ги задоволува нивните интереси и потреби Се организираат предавања од стручни лица за однос меѓу половите и нивните сексуални врски, репродуктивно здравје, болестите ХИВ/СИДА и зависности од дрога, сообраќај, лична хигиена и др.Учениците се запознаваат со граѓанското образование и образованието за човекови права преку реализација на проектите „Животни вештини“, а во предметна настава преку предметот Граѓанско образование, кој редовно се изучува во VIII и IX одд. Вон-наставните активности се реализираат и спроведуваат во континуитет, без разлика на пол и етничка припадност на учениците и истите подеднакво им се достапни на машките и на женските ученици. **Приоритети** - Употреба на ИКТ во наставата(редовност на интернет во нашето училиште,идентификација на образовните потреби на учениците и почитување на различните потреби на учениците со посебни образовни потреби. -Да се обезбедат човечки и материјални ресурси за работа со ученици со посебни потреби. -Стручна поддршка на наставниците од страна на надворешни лица за осовременување на наставните програми и стручно усовршување на наставниците преку обуки и семинари за работа со деца со посебни потреби

Постигнувањата на учениците	Постигнувањата на учениците на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година по предмети, пол и етничка припадност се релативно добри, но треба да се вложат заеднички напори од страна на наставниците, родителите, а особено од страна на учениците за да бидат тие постигнувања уште подобри. Учениците во текот на цела година се оценуваат формативно, но на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година учениците од I до III одделение се оценуваат описно, а учениците од IV до IX одделение се оценуваат бројчано. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди и презема активности за нивно подобрување. Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок. Подобрувањето на постигнувањата на учениците, наставниците од нашето училиште го стимулираат преку вклучување во разни проекти, дополнителна и додатна настава, учество на натпревари, екскурзии, преку работата на стручните активи и слично. Соодветна и навремена стимулација, коректен однос наставник/ ученик, подобрување на соработката со родителите се добар начин за подобрувањето на успехот кај учениците. Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците. Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.Осипувањето на учениците е сосема незначително што се гледа од приложените извештаи. Тоа е пак доволен показател дека училиштето успешно го остварува образовниот процес, односно наставните и воннаставните активности и покрај големиот недостаток на материјални и финансиски средства. **Приоритети** - Обезбедување на поголем број на современи материјално - технички средства и наставни помагала за опремување и подобрување на инфраструктурната состојба на училниците или пак нивно адаптирање кои ќе им помогнат на учениците во напредувањето и зголемено учество во сите активности кои ги организира училиштето. - Следење постигањата на учениците при премин од еден во друг образовен циклус, од основно во средно образование.

	- Транспарентност во информирањето за постигањата на учениците на натпреварите. - Поголема професионална соработка помеѓу наставниците, директорот и стручната служба.
Професионален развој на наставниците	Стручните соработници во училиштето заедно со директорот на училиштето постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошкиот картон и професионалното досие на наставниците. Стручните соработници го поттикнуваат наставничкиот кадар за иновативен пристап во наставата. Тие во својата програма планираат и спроведуваат разновидни активности поврзани со наставниот процес и секогаш се отворени за соработка Редовноста, квалификациите, работното искуство и стручноста на персоналот се во рамките на законските одредби. Училиштето континуирано обезбедува поддршка за подобрување на стручните способности преку посета на семинари одржани од страна на институциите: БРО, МОН. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и ги идентификува потребите за истите. Редовноста на персоналот се евидентира , во пишана форма.Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет се одредува ментор на наставникот-приправник, со цел менторот да им помага и да ги насочува за што поуспешна работа и поефикасно реализирање на наставниот процес. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на годишните и процесните планирања, го упатува во различниот пристап за оддржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава свое мислење за неговата работа. **Приоритети** -Училиштето да обезбеди средства за учество на обуки и семинари. -Збогатување на книжниот фонд во училишната библиотека со лектирни изданија и стручна литература за наставниците,набавување на практични материјали(хемиски супстанции) за кабинетот по хемија. -Да се реализираат нагледни часови за размена на искуства - Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари и обуки за ИКТ часови и инструкции од надлежен инспектор за подготовка на дневните планирања за наставниците од предметна и одделенска настава.
Управување и	Постојат соодветни постапки во креирање на училишната политика. Притоа се дава голем акцент на соработката со родителите и локалната самоуправа. Родителите имаат големо учество во креирањето на училишната политика со своите видувања, ставови,

раководење со училиштето	мислења, искуства и др., а преку нивното учество во работата на училиштето во Советот на родители од чии членови се бираат тројца претставници за Училишниот одбор. За хигиената и уредувањето на училишниот двор се грижат вработените. Училишната политика се креира со донесување план за развој на училиштето (годишна програма) со глобални, тематски неделни и дневни планирања на наставниците и укажување од МОН и Бирото за развој или посета на часови од страна на советниците на БРО. Бирото за развој на образованието доставува покани за семинари и обуки за професионално усовршување на наставниците, стручните соработници и директорот на училиштето.Политиката на нашето училиште е безрезервно да им дава поддршка на наставниците за редовно посетување на сите форми на усовршување за што се води евиденција во училиштето. Во успешно реализирање на политиките и зацртаните цели на училиштето од голема важност е соработката и добрата (професионална) клима меѓу наставниците (соработка меѓу стручни активи: одделенска-предметна). Меѓудругото училиштето води грижа и евиденција за редовните систематски и санитарни прегледи на своите вработени.Покрај редовната политика за унапредување на здравјето на учениците која е зацртана со однапред предложена и усвоена програма по определени предмети (биологија, физичка култура и предавања од страна на поканети стручни лица за определена област и здавствени служби). Политиката за давање поддршка на учениците е регулирана и потпомогната од страна на наставниците, одделенскиот и наставничкиот совет, разни друштва и невладини организации, социјалната и педагошката служба.Одговорен е МОН, Биро за развој, а на ниво на училиште директорот, стручната служба и стручните активи со наставниците и тимот формиран во училиштето конкретно за активностите врзани со Развојното планирање (мисија на училиштето). Сакаме да креираме училиште преку партнерски односи со учениците, наставниците, родителите од сите етнички заедници и локалната средина, како и преку користење на современи наставнички методи, техники и средства за работа со кои ќе овозможиме правилен сестран развој на учениците кои ќе поседуваат квалитетни основи за понатамошно образование, а истовремено ќе бидеме и центар на сите уметнички и спортски збиднувања во нашата локална средина. **Приоритети** - Поголемо учество и информираност на родителите во креирањето на целите и

	политиките во училиштето - Обезбедување финансиски средства за опремување со нови нагледни средства и помагала - Поголема транспарентност при работата на Училишниот одбор
Комуникации и односи со јавноста	Интерната комуникација во училиштето се реализира преку одржување на Наставнички и Одделенски Совети на кои се презентираат извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците, се споделуваат информации за проектите и активностите во кои е вклучено училиштето. Во изминатите две години поради пандемијата од Ковид 19 Наставничките совети се одржуваа преку платформата Микрософт Тимс преку која непрачено се одвиваше целокупната работа на Наставничкиот совет.Одделенските и предметни наставници преку своите стручни активи разменуваат информации, споделуваат искуства, се информираат за промените во воспитно-образовниот систем кои произлегуваат од надлежните институции.Училиштето по пат на Веб страната на училиштето, Фејбук профилот на училиштето, соопштенија, огласни табли, флаери, плакати и училишен весник ,,Во светот на книгите,, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите. На почетокот на учебната година родителите на учениците првачиња имаат можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прво одделение училиштето подготвува свечена приредба на која се поканети и родителите/старателите.Ученичката заедница согласно програмата за работа најмалку еднаш во месецот одржува состаноци и работилници на различни теми. Претседателите на секоја паралелка навремено ги известуваат своите соученици за информациите и сознанијата кои ги стекнале на состаноците. Спроведените активности имаат за цел да го подобрат воспитно-образовниот процес кај учениците и да ги развијат комуникативните компетенции на релација ученик-наставник и ученик-ученик **Приоритети** - Ученичката заедница да ги реализира планираните активности во текот на учебната година - Подобрување и поголема професионална комуникација помеѓу наставниците
Училишна	Сите податоци од ова подрачје говорат дека соработката и комуникацијата со сите

клима и култура	институции и чинители во воспитно образовниот процес е взаемна, континуирана и секогаш позитивна.Имиџот на нашето училиште е на високо ниво. Угледот се гради преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности. Училиштето има своја химна и лого. Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија. Постојат повеќе кодекси што се однесуваат на сите субјекти во нашето училиште: Кодекс за однесување на наставниците, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Исто така, училиштето има Куќен ред, со кој се запознаваат учениците и родителите на првата родителска средба во почетокот од секоја учебна година и истиот е истакнат на видни места во училиштето. Но една од слабите страни е таа што голем дел од наставниците сметаат дека правилата недоволно се почитуваат.Постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена. Можеме да кажеме дека во нашето училиште, кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена добра комуникација и взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните потреби, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. **Приоритети** - Доследно почитување на куќниот ред во училиштето - Обезбедување лесна пристапност до опремата за прва помош и заштита. - Обезбедување на втор излез од училиштето
Соработка со родители и со локалната средина	Училиштето планира разновидни активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.За таа цел тоа користи најразновидни форми за комуникација со нив.По завршување на секој класификационен период се организираат родителски средби, а еднаш месечно, отворени денови кога родителите можат да се информираат за успехот и однесувањето на своето дете. Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во образованието и животот на нивните деца преку предавања во врска со одредени професии и теми од областа на здравјето, во воннаставни и проектни активности, екскурзии од научен ирекреативен карактер, организирани хепенинзи и други манифестации кои се спроведуваат во училиштето. Родителите партиципираат во Советот на родители на паралелките и на ниво на училиште, како и во Училишниот одбор на училиштето, при што нивниот избор се врши на најдемократски начин.

	Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна. **Приоритети** -Поголемо ангажирање од страна на родителите при спроведување на проектни активности во училиштето - Да се оствари контакт со стопанските организации од локалната заедница за помош и финансиска поддршка на училиштето

4.2Интегрална евалуација на основното училиште (последна извршена интегрална евалуација од 11-13.04.2018 год)	
Подрачје	Согледувања
Наставни планови и програми	Наставните планови и програми кои се применуваат во воспитно образовната работа на училиштето,се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Наставниот кадар изведува настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. Одделенските наставници изготвуваат и седмични планирања. Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела за целите и содржините на наставните програми и планови,преку брошура и веб страна на училиштето. Училиштето има Годишна програма за работа со деца со посебни потреби, изработена од инклузивен тим и секој наставник има изготвено индивидуален образовен план со вклученост на родители и ученици со посебни потреби. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Во годишната програма интегрирани се еколошки содржини. Училиштето има проширена програма за прифаќање и заштита на деца од прво до трето одделение, за половина час пред и по настава. Во Годишната програма има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во планирањата на наставниците има разработени активности кои ја третираат мултикултуралната сензитивност.
Постигнувања на учениците	Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, паралека и пол на ниво на одделенска и предметна настава. Во училиштето редовно се изготвуваат споредбени анализи за постигнувањето на учениците. Вршени се

	анализи од страна на стручната служба на постигнувањата на крајот од годината споредени со постигнувањата од три претходни учебни години. Нема значајни отстапувања од успехот.Средниот успех на учениците во учебната 2014/2015 изнесувал 4,19, во 2015/16 бил 4,17 и учебната 2016/2017 бил 4,31. Во училиштето се избира ученик на генерацијата. За избор на ученик на генерацијата се применуваат критериумите согласно правилникот усвоен од Наставнички совет. Најчесто како награди се доделуваат книги.
Учење и настава	Сите наставници ја планираат редовната, додатната и дополнителната настава како и воннаставните активности. Наставниците наставните содржини ги реализираат според: глобални, тематски , тематско-процесно и дневно оперативни планирања за реализација на наставен час. За реализирање на воспитно -образовна работа според адаптираната Кембриџ програма, планирања на наставниците се изготвени според дидактички препораки и упатства од Бирото за развој на образованието за планирање на наставата според Кембриџ програмата. Поголемиот дел од планирањата ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот со јасни насоки што се очекува од учениците да научат, начинот на оценување, очекуваните исходи и активностите на наставниците и учениците. Најголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи што се соодвестуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците користат добро испланирани и соодветни активни методи за да работат со учениците. Наставниците во главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања но кај дел од нив недостасуваат диференцирани активности по тежински нивоа за талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Наставниот процес за наставните предмети во училиштето се реализира согласно Наставните планови и програми за деветтгодишно основно образование донесени од БРО и МОН. Според наставен план наставниците изведуваат настава по задолжителни предмети, изборни предмети, дополнителна и додатна настава. Училиштето има програма за деца со посебни образовни потреби. Во годишните програми на училиштето интегрирани се еколошки целини според според целите на четирите Еко-стандарди од Еко-проектот. Во годишните програми на училиштето интегрирани се еколошки целини според според целите на четирите Еко-стандарди од Еко-проектот. Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра,постои интеракција наставник-ученик а во помала мера е застапена интеракцијата ученик-ученик. Во училиштето има интерна процедура за следење-посета на час со примена на инструмент за следење.

Поддршка на учениците	Училиштето има донесено соодветни акти и тоа Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури во училиштето.Во училиштето се применуваат дисциплински мерки во случај на нивно непочитување и тоа се прави според Правилник за изрекување педагошки мерки.Училиштето има план за грижа на ученици во случај на опасност и има обучен кадар за давање прва помош од страна на Црвен крст но за тоа обучениот кадар нема сертификати.Учениците се осигурани со полиса од ОК Триглав.Учениците и родителите се запознаени со правата како и со процедурите за поплаки.Во училиштето се води кампања за здрава храна.Стручната служба и наставниците ги идентификуваат учениците со емоционални и други проблеми и има пропишани процедури за обезбедување на материјални средства за ученици од понизок социјално економски статус.Хигиената во училиштето е на високо ниво.За учениците редовно се вршат систематските и стоматолошките прегледи.
Клима во училиштето	Климата во училиштето е многу добра , се води силна политика за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во животот на училиштето.Кај вработените постои професионален однос, со почит и меѓусебно уважување, што битно влијае на добрата работна атмосфера.Наставниците соработуваат и односите на настаниците со стручната служба се исто така на високо соработничко ниво.Во училиштето се промовира еднаквоста и правичноста како темелна вредности и се води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничките,културните и верските разлики.Учениците со посебни образовни потреби се добро интегрирани во училишната средина и нема појава на дискриминација кон нив и неправично постапување од структурите. Соработката на училиштето со родителите е многу добра и се остварува во повеќе форми.Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку индивидуални родителски средби и приемни денови.Училиштето има пропишано демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишниот одбор и Совет на родители.Секој родител поединчено и избраните претставници од родителите отворено и одговорно соработуваат со директорот на училиштето,со стручната служба и со наставниците за надминување на секакви проблеми кои се пред се во интерес на учениците.Училиштето остварува добра соработка со локалната заедница.
Ресурси	ООУ„Александар Урдаревски“ с.Сандево е изградено од цврста градба,во моментот на интегралната евалуација располага со 15училници,1 фискултурна сала,4 помошни простории за наставни средства и помагала,1 библиотека,5 канцелариски простории,магацини и

	подрум,вкупно 9 санитарни чвора,училиштето има видео надзор и аларм,3 хидранти,громобранска мрежа и 9 противпожарни апарати.Во училишниот двор постои спортки терен , училишен парк и асфалтирана површина и дел со бехатон плочки. Училиштето располага со соодветна стручна литература и наставни помагала кои одговараат на современите наставни текови.Училиштето располага со компјутерска опрема добиена како донација од Владата и во моментот на интегралната евалуација располага со 20 куќишта,број на монитори 110,ученички лап топи 58, лаптопи на наставници 38,училишен лап топ 1,тв 1, ДВД плеер 1, смарт табла 1,проектор 1. Збогатувањето на наставата со користење на ИКТ делумно задоволува.Во состав на училиштето работи библиотека која располага со фонд од 10 456 книги.Наставата по спорт се изведув во фискултурната сала која ги задоволува потребните стандарди за простор и опрема. Училишната зграда се загрева со сопствено парно греење. Училиштето планира и обезбедувапотрошен материјал потребен за потребите на наставата.
Раководење, управување и креирање политики	Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој е составен од 9 члена и чии надлежности се јасно дефинирани со постојната законска регулатива.На седниците на УО се расправа за тековни прашања од работата на училиштето,за прашања од работни односи, разгледување и предлагање наГодишна програма и извештај од работата на училиштето,финансиски план и друго и за тоа се водат записници потпишани и заверени од записничарот.За време на интегралната евалуација раководи директор Кристина Јаневска која ги исполнува условите по степен и видот на образование и има положен испит за директор.Приоритети на директорот во одонос на образовната политика е објективнст во оценувањето на постигнувањата на учениците,зајакнување на тимската работа кај наставнците и учениците како и поголема вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес.

Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

5.1. Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето се наоѓа во општина Чучер Сандево, во чија близина се наоѓа Дом на култура- ОЈУ „Партизанскиот дом“-Сандево и Јавно комунално претпријатие „Скопска Црна Гора“. Во населеното место се наоѓаат аптека, градинка, спортски игралишта за деца, паркови и излетнички места. ВО блиската околина се наоѓаааат многу културно-историски знаменитости (манастири, цркви, археолошки наоѓалишта, џамии и др.)

Училиштето има добра взаемна соработка со локалната самоуправа и останатите основни училишта од општината.Еден дел од проектите се реализираат и во соработка со голем број на нестопански и невладини организации („Пакомак“, „Нула отпад“ Црвен крст на Чаир , „Пријатели на образованието“, ,,Центарот за толеранција и доживотно учење’’ и др.)

Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат со соработка со одделението за детска стоматологија на поликлиниката „Чаир “, како и потребните вакцинации и систематски прегледи на учениците.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво, во реализирање на заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Денот на екологијата“, манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари и други активности и проекти. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.Согласно местоположбата на училиштето во изминатите 4 години бројот на запишани ученици не покажува големи отстапувања.

Училиштето во соработка со основачот, во последните три години значително ги подобри условите и капацитетите за инклузивно образование за децата со попреченост. На дел од учениците со ПОП, односно на двајца ученици им беше доделен еден образовен асистент, за подршка во процесот на образование, но сеуште не се задоволени потребите од асистенти на сите ученици со ПОП.

5.2.Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето

На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, ЈУ меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Музејот на холокаустот, Народниот правобранител, МКЦ, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми. Со новите измени во образовниот систем во Р.С. Македонија изготвен е стратешки документ Сеопфатна

стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период:

- Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура
- Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување
- Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и воннаставните активности според слободниот избор на учениците.
- Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности
- Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија.
- Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција.
- Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште.
- Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби
- Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник - ментор, наставник/стручен соработник - советник)
- Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили.

5.3. Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето

Училиштето соработува со меѓународни институции во реализација на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес преку Еразмус + проектите со учество на наставници невладини организации од областа на образованието.

СВОТ анализа

Предности (силни страни) на основното училиште S (Strenghts)	Слабости (слаби страни) на основното училиште W (Weaknesses)
● Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од БРО и МОН и се реализираат во пропишаниот обем. ● Во училиштето со децата со посебни образовни потреби се работи според прилагодени наставни програми- ИОП, кои наставникот ги изработува најчесто во соработка со инклузивниот тим. ● Постапката за изборни предмети се спроведува во целост како што е потребно и пропишано во нормативите на МОН и БРО. ● Во програмите на наставниците се интегрирани еколошки теми и во текот на учебната година повеќе пати се реализираат теми со еко содржини. ● Родовата и етичката перспектива на образованието во училиштето е застапена во доволна мера и на тој начин се обезбедува рамноправно образование за сите. ● Се користат средства (училишни паноа,социјални мрежи, ученичко катче, медиуми, пригодни манифестации и сл.) за афирмирање на воннаставни активности и продуктите од нив. ● Учениците од предметна настава се вклучуваат во воннаставни активности по сопствен избор . ● Учениците со поддршка од училиштето и наставниците	● Унапредување на систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што помогнале за тоа. ● Унапредување на Правилникот за прогласување првенец на генерација. ● Бројот на наставни средства и помагала делумно ги задоволува потребите на сите наставници. ● Набавка на смарт табли во секоја училница. ● Лап топ за секој наставник и стручен соработник за поефикасна реализција на работните обврски. ● Стручната литература со која располага училиштето и библиотечниот фонд, делумно ги задоволуваат потребите за работа на учениците и наставниците. ● Училиштето планира креирање на поголем број на разновидни воннаставни активности што ќе им се понудат на учениците на ниво на пралелка . ● Манипулативи за работа со Ученици кои наставата ја следат според ИОП за секој наставен предмет

учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и национално ниво. ● Наставниците имаат современ приод во реализацијата и совладувањето на наставните планови и програми. ● Годишните и тематските планови како и оперативните планови за час (дневни подготовки) содржат јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекувани резултати/исходи од учењето и начинот на оценување на учениците ● Во наставните планови и програми се интегрирани МИО содржини во доволна мера кои во текот на учебната година редовно се применуваат што придонесува за негување на меѓуетничката интеграција во образованието. ● Распоредот на часови е изработен согласно наставниот план и почитувајќи го најдобриот интерес на детето; ● Користење разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење; ● Училиштето има план за следење на систематските и стоматолошките преглед и редовното вакцинирање на учениците.	● Немање доволно простор за складирање на ученички изработки ● Обезбедување на изложбен дел со изработки за секој наставен предмет ● Вклучување на ученици кои наставата ја следат според ИОП во вонннаставни активности ● Непостоење на кабинет по информатика ● Недоволна стручност кај наставниците за справување со различните видови попреченост кај учениците ● Потреба од подобрување на медиумската писменост кај учениците
● Наставниците подготвуваат и водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата и напредокот на	

учениците. ● Училиштето води грижа за однесувањето на учениците и возрасните во однос на превенцијата од насилство и има кодекс на однесување. ● Наставниците пружаат поддршка на учениците во воспитно-образовниот процес за време на светската пандемија на Ковид-19. ● Позитивна клима за работа во училиштето. ● Добро воспоставена комуникација помеѓу сите чинители на воспитно- образовната дејност. ● Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемна доверба и почитување. ● Статут, Правилници и Кодекси изготвени согласно законите. ● Отвореност на училиштето за соработка со родителите. ● Редовна и континуирана соработка со окружувањето на училиштето и локалната заедница. ● Редовно дежурство на учениците за време на часовите. ● Редовни дежурства на наставниците, пред настава, на одмори и после настава. ● Солидна соработка со здравствени организации. ● Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен / стручни активи. ● Стручен и квалитетен наставен кадар. ● Стручната служба спроведува работилници со учениците и секогаш е отворена за соработка.	

Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште O(Opportunities)	**Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште T (Threats)**
Соработка со основни училишта надвор од нашата држава и други образовни институции во земјата; ● Поседување на добри интерперсонални вештини кај поголемиот број наставници; ● Зајакнување и помош од страна на локалната заедница и бизнис секторот при реализирање на некои воннаставни активности; ● Поголема поддршка и вклученост на родителите; ● Обуки за работа со таленитрани и надарени ученици; ● Едукација на родителите за важноста на нивното присуство и вклученост во активностите на училиштето; ● Подобрување на квалитетот на образовниот процес, инфраструктурата на училиштето и негово промовирање; ● Постојана спремност и подготвеност и заложби на училиштето за подобрување на соработката со родителите и локалната средина.	● Влошување на финансиската состојба во државата; ● Случувањата во време на пандемијата на вирусот Ковид-19 покажаа дека нормалното функционирање на училиштето во вонредни услови е потешко изводливо (не само во поглед на наставниот процес, туку и во раководењето на училиштето); ● Потреба од воведување на целодневна настава како поддршка на родителите кои работат во повеќе смени ● Немање доволно просторни можности на училиштето;

5. Мисија и визија на основното училиште

МОТО НА УЧИЛИШТЕТО:

„ХРАБРО ДА ЧЕКОРИМЕ ПО ПАТОТ НА УСПЕХОТ“

М И С И Ј А

„МИСИЈАТА НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ Е ПРИМЕНА НА НАЈСОВРЕМЕНИ СРЕДСТВА И МЕТОДИ ЗА СОВРЕМЕНА НАСТАВА,СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИМЕНЛИВИ ЗНАЕЊА,ПРОМОВИРАЊЕ ЕДНАКВОСТ, РАЗНОВИДНОСТ, ПОЧИТ, ТИМСКА РАБОТА ВО САМИОТ КОЛЕКТИВ И ПОМЕЃУ НАШИТЕ ДЕЦА-УЧЕНИЦИ,АКТИВНО ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ,РАЗВИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ГРИЖА ЗА ОКОЛИНАТА.

В И З И Ј А

„МОДЕРНО, СОВРЕМЕНО, ИНКЛУЗИВНО И ЕФЕКТИВНО УЧИЛИШТЕ, ВО КОЕ УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СТЕКНУВААТ КВАЛИТЕТНИ И ТРАЈНИ ЗНАЕЊА, КОИ ЌЕ ГИ ПРИМЕНУВААТ ВО ПОНАТАМОШНОТО ШКОЛУВАЊЕ И ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА НИВНИОТ ЛИЧЕН РАЗВОЈ.''

7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

Во изминатите две години поради ново настанатата состојба со пандемијата се отвори огромна потреба од организирање и менаџирање на наставата во форма на учење од далечина, начин кој за сите беше нов и за кој бевме сосема неподготвени,но научивме и согледавме дека можеме да ја реализираме и да имаме резултати кај учениците. Искуството од овој вид на далечинско учење беше голем предизвик на сите субјекти – чинители на наставниот процес и доколку овој начин на учење продолжи ќе настојуваме да го усовршиме до највисоко ниво. Од другите стекнати искуства увидовме потреба од поквалитетно педагошко евидентирање на повеќе сегменти од воспитно образовниот процес и тоа: подобрување на материјално техничките услови за работа, компјутерско доопремување, набавка на наставно нагледни средства во интерес на квалитетна настава, инфраструктурни зафати, професионално надградување на наставниците за едукација на ученици со посебни потреби и нивно вклучување во редовна настава .

Приоритетно подрачје	**„Наставни планови и програми“**
<u>Стратешка цел 1.</u> Имплементација на Концепција за воннаставни активности	

<u>Развојна цел 1.Вклучување на учениците во воннаставни активности, без разлика на пол, етничка припадност и социјална состојба, вклучително и децата со ПОП</u> **Развојна цел 1.1. Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност**					
Конкретна цел 1.1.1					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на активностите
Информираност на учениците и родителите за годишните планови и програми (делот за воннаставни активности). - Средби со родители и добивање писмена согласност за	Навремена, целосна и достапна рамка на информации.	Тим Директор Стручна служба	Од 2022 до 2026 година	Хартија Компјутер Фотокопир	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште.

фотографирање и употреба на фотографиите за потребите на училиштето.					
Конкретна цел 1.1.2.Редовна реализација на часовите на СУА, подготовка и учество на натпревари и учество во одбележување на поважните датуми во училиштето и државата					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите
-Формирање на секции, по избор на учениците - Следење на работата на СУА и подготовки за натпревари: општински, регионални, државни, -	Голем број на ученици задоволни, промовирани СУА поширико од училиштето.	Тим за СУА Наставници Стручна служба	Од 2022 до 2026година	Телефон, компјутер, интернет, микрофони, озвучување, детски списанија.	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште.

Настапи на аудио/визуелни медиуми,					

Конкретна цел 1.1.4. Користење на медиуми, социјални мрежи, веб страна, за целосно информирање на јавноста за работата на СУА во ООУ ,,Александар Урдаревски “					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите
-Редовно постирање на активности/настапи, учество во и надвор од училиштето на СУА, на Веб страната на училиштето; -Соработка со ТВ и учество во нивни емисии	Активностите, постигањата на учениците редовно ги има во медиумите, социјалните мрежи и на веб страната на ООУ„Александар Урдаревски “	Тим за СУА Наставници Стручна служба Родители	Од 2022 до 2026 година	Интернет компјутери	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

за деца и млади; - Соработка и претставување на СУА во детскиот печат;					

Приоритетно подрачје	**„ Училишна клима и култура“**				
Стратешка цел 2 . Унапредување на работата на наставниците за работа со децата со посебни образовни потреби и децата со потешкотии во учењето и развојот **Конкретна цел 2.1** Унапредување на работата на наставниците преку обуки за : работа со деца со посебни образовни потреби и деца со потешкотии во учењето					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на активностите
Соработка и активности на стручната служба и наставниците, одржување на	Известени се наставниците и стручната служба во училиштето. Обучени наставници. Збогатени	Тим за инклузија Наставници Стручна служба	Континуирано од 2022 до 2026 година	Хартија Компјутер Фотокопир	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

обуки и семинари за ученици со ПОП .	искуства за работа со овие ученици Изготвени индивидуални програми				

Приоритетно подрачје	**„Ресурси“**				
<u>Стратешка цел 1.</u>Опремување со стручна литература Развојна цел 1.1 Опременост со стручна литература					
Конкретна цел 1.1 Да се збогати библиотеката со лектирни изданија од прво до девето одделение како и енциклопедии, лекскикони, и стручна литература					
1.2 Да се збогати библиотеката со лектирни изданија од прво до девето одделение како и енциклопедии, лекскикони, и стручна литература					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на активностите
Информирање на стручните активи - Доставување списоци од потребна	Известени наставници и направен договор за	Библиотекар Директор Наставници	Од 2022 до 2026 година	Хартија Компјутер Книги	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

литература од сите стручни активи и лектирните изданија Изготвување список од приоритети и од лектирните и од стручните изданија - Контакти со издавачките куќи и др.организ. околу потребната литература Согледување на можностите за набавка - Набавување на потребната литература	потребите од книги во библиотеката, како и нивно набавување				

Приоритетно подрачје	„Учење и настава“
<u>Стратешка цел 4.</u> Подобрување на материјално – техничките услови за работа **Развојна цел 4.1** Опремување на училиштето со поголем број на современи нагледни средства, дидактички материјали	

и технички помагала и набавка					
Конкретна цел 4.1.1 Да се идентификуваат постоечките нагледни средства , технички помагала и училиштен инвентар и да се класифицираат според нивната употребливост					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите
-Формирање комисија која ќе направи увид - Изготвување извештај за фактичката состојба - Информирање на вработените Извештај до комисијата на секој наставник за состојбата на нагледните средства и потребата од нови Утврдување на фактичката	Изготвен извештај и информирани наставници, директор , комисии и Родителски совет и Училишен одбор Утврдена фактичка состојба за функционалн оста на наставните средства	Наставници, Директор Стручна служба	Од 2022 до 2026 година	Извештаи	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

состојба на функционалност а на наставните средства					
Конкретна цел	4.1.2 Да се утврди потребата од нови и современи наставни средства и помагала и училиштен инвентар.				
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализацијата на активностите
-Задолжување на наставниците по активи за изготвување на список на потребни наставни средства - Утврдување на приоритетни наставни средства по активи - Формирање	Изготвена приоритетна листа за набавка на наставни спредства. Известени настваничкисовет, Совет на родители, Училишен одбор за состојбата на наставните средства и	Наставници Директор Стручна служба Комисија за јавни набавки	Од 2022 до 2026 година	Финансиски средства за набавка на наставни средства . Приоритетна листа за набавка на нагледни средства Папка со понуди, Записници и извештаи.	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиштето.

комисија и назначување на одговорно лице Активи на наставници, комисија за за набавка на наставни стредства Изготвена приоритетна листа за набавка на наставни спредства Приоритетна листа за набавка на нагледни средства Изготвување на план за набавка	планот за набавка на нови.				
Конкретна цел 4.1.3 Да се набават соодветни наставни средства , помагала и училишен инвентар за работа во					

училиштето					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на активностите
Набавување на нови нагледни средства и помагала од донации на родители - Распоредување на наставните средствата по активи и задолжување на одговорно лице - Изготвување извештај	, набавени нови нагледни стредства, и училишен инвентар и нивно распределување по активи	Наставници, Ученици, родители, хаусмајстор, директор, комисија за јавни набавки домаќин	Континуирано секоја година од 2022 до 2026 година	Извештаи, фотографии	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште
Конкретна цел 4.1.4 Да се следи примената во наставата					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на

			имплементација		активностите
Формирање на тим за мониторинг - Задолжување на наставниците за планирање на содржините со примена на наставните средства Согледување на состојбата на наставните средства ,нивно одржување,потреби од поправки и набавка на нови	Формиран тим за мониторинг, информирани и задолжени наставници за примена на нагледни средства, поквалитетна настава	Тим за мониторниг Наставници Директор Стручна служба	Континуирано секоја година од 2022 до 2026 година	Извештаи од тимови Планирања на наставниците	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште

Приоритетно подрачје	**„Училишна клима и култура “**				
<u>Стратешка цел 1.</u>Обезбедување на втор и трет излез од училиштето					
Конкретна цел 1.1. Доградба на нова просторија за дневен престој и трпезарија					
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење на реализа-цијата на активностите
Изготвување на елаборат за изградба на втор и трет излез од училиштето и за просторија за дневен престој. Обезбедување на финансиски средства за	Изготвен елаборат за изградба на втор и трет излез од училишето и за просторија за дневен престој. Обезбедени финансиски средства. Избран изведувач. Зголемена безбедност на учениците и	Директор Основач	Од 2022 до 2026 година	Хартија Компјутер	Комисија за Развојна програма за работа на основното училиште. Основачот

изградба на просторијата. Постапка за избор на изведувач преку јавна набавка Изведба на инфраструктурниот зафат.	вработените во случај на елементарна непогода. Исполнување на потребите на родителите за запишување на децата во дневен престој.				

8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Соработката со родителите ќе се заснова на транспарентност, зголемување и унапредување на активната соработка со родителите во работењето на училиштето. Преку претставници во Совет на родители ќе се продолжи со информирање и барање мислење за Годишната програма, Програма за екскурзии, Самоеваулацијата, Развојната програма, превентивна заштита и протоколи за заштита во училиште.

Училиштето ќе потикнува учеството на родители при реализација на хуманитарни проекти, како и нивна подршка во наоѓање на донации за проекти кои би значеле унапредување на воспитно-образовниот процес со што би се создале подобри услови за поголем напредок на учениците. Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности кои се реализираат во училиштето со цел за поголема

вклученост на родителите и во секојдневните предизвици со кои се соочуваат училиштето и учениците. Соработката со родителите училиштето ќе ја остварува преку редовно информирање во однос на редовноста, однесувањето и оценувањето на учениците. Ваквата соработка ќе се реализира преку соопштенија, извештаи, анализи, презентации, организирани работилници, советувања и сл.

9.Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Во севкупното остварување на воспитно-образовната функција на основното образование од витално значење е соработката на училиштето со партнери од локалната заедница. Општина Чучер-Сандево и Министерството за образование и наука се важни институции за училиштето, секој во својот делокруг и надлежности. Клучни партнери ги вклучуваат Бирото за развој на образованието, Испитниот центар и Државниот просветен инспекторат. Улогите и соработката со овие институции се дефинирани со соодветно законодавство. Во поширок контекст, училиштето соработува со други институции и агенции на државно ниво во одредени области, на пример со Центарот за стручно образование од областа на кариерно насочување, научни и културни установи во Општина Чучер-Сандево, Градот Скопје и/или државата.

Покрај соработката со институции и агенции на државно и локално ниво, Училиштето развива соработка со партнери од стопанството, невладиниот сектор и здруженија од различни области на интерес. Истовремено, остварува соработка на меѓународно ниво преку учество во проекти и иницијативи наменети за наставниот и воннаставниот кадар и учениците.

Училиштето како локален образовен центар: Покрај извршувањето на воспитно-образовната работа во формално основното образование на младите, Училиштето има функција на воспитно-образовна институција со поширок опфат на дејности и затоа своите активности ги насочува кон доживотното учење. Клучната цел е на поширокатa локална заедница да и се овозможат различни можности за образование и обука.

Соработката со стопанството/институциите на локално/регионално/државно ниво е од витално значење за учениците да се запознаат со светот на работата. Иако често се поистоветува со активности за насочување во кариерата, овој тип на соработка има поширок опсег и им овозможува на учениците да стекнат идеја за занимањата, видовите работа, функционирањето на локалната заедница, можностите за професионални достигнувања и стекнување клучни компетенции. Соработка опфаќа структурирани (планирани) посети на компании и институции и посети на училиштето од страна на реномирани представници од одредена областа – презентации, предавања итн. и проекти кои ги спроведува училиштето во соработка со нив кои што се од особено значење за професионална ориентација на учениците од деветто одделение.

Соработката со граѓанскиот и невладиниот сектор ќе овозможи вклучување на училиштето во активности од пошироко општествено значење во областа на заштитата на животната средина, развојот на граѓанското општество и мултиетничноста, поддршка на учениците во развивањето на клучните компетенции и спроведувањето воннаставни активности. Соработката се одвива преку партнерско спроведување на проекти финансирани од буџетски средства и донации.

Соработката со локалната заедница подразбира соработка со институции, установи и организации преку реализирање на проекти и е планирано да се оствари соработка со следните субјекти:

- Соработка со општина Чучер-Сандево и Град Скопје преку учество на спортски, ликовни и литературни натпревари и културни, забавни, спортски и други настани.
- Соработка со Здравствениот дом „Чаир“, но и со други здравствени установи од град Скопје, преку едукативни предавања од лекари, систематски прегледи, редовни вакцини, како и преку подигнување на нивото на хигиенска култура на Училиштето
- Соработка со МВР, преку предавања за безбедноста во сообраќајот, опасностите од дрога наркотици и безбедноста воопшто

- Соработка со општински и градски институции и организации кои преку организација и учество во различни културни настани
- Соработка со општината, градот, заинтересираните компании и спортски здруженија за развој на инфраструктурата и организирање на спортски активности кои моментално не постојат во општината и за кои вообичаено учениците треба да патуваат во други општини (лизгање, пливање, извидници, итн.)
- Учество во хуманитарни акции (Црвен крст и слични организации), ликовни и литературни натпревари, работилници и друго
- Соработка со средните училишта, преку информации и презентации за можности за упис во средните училишта - посети и предавања
- Соработка со општина Чучер-Сандево, Град Скопје и невладиниот сектор за уредување на училиштниот двор и уредување на училиштниот простор.
- Соработка со невладини организации и образовни центри како додаток на редовните училишни активности со цел популаризација на науката кај младите, овозможувајќи им на учениците да стекнат функционални знаења од областа на СТЕМ и да го подобрат познавањето на странски јазици.

Соработка со меѓународни организации кои работат во земјава и учество во **проекти на ЕУ, билатерални и мултилатерални иницијативи** со цел да и се обезбедат дополнителни можности за усовршување и развој. Овие иницијативи вклучуваат обука на наставници, развој на дополнителни материјали за учење и настава, соработка со училишта од регионот и пошироко од ЕУ и размена на ученици и наставници.

10.Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/а	Кој треба да биде информиран за следењето
1.Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност	Континуирано следење на реализацијата на слободните ученички активности Следење на подготовката и реализацијата на краткорочни активности (приредби, настапи и др. манифестации) Следење на рамноправното вклучување на учениците по пол, етичка припадност	Одговорно лице на СУА и воннаставни активности	Директор Стручна служба

	Во период од 2022 до 2026 година		
2.Унапредување на работата на наставниците за работа со децата со посебни образовни потреби и децата со потешкотии во учењето и развојот преку обуки и семинари	Годишни, тематски и дневни планирања ИОП планирања Од 2022 до 2026 година	Инклузивен тим Наставици Стручна служба	Директор МОН, БРО и ДПИ
3.Опременост со стручна литература.	Годишен извештај Од 2022 до 2026 година	Библиотекар Наставници	Директор Стручна служба
4.Подобрување на материјално – техничките услови за работа	Годишен извештај Од 2022 до2026 година	Директор, стручни соработници, одговорниот тим на наставници	Директор
5. Обезбедување на втор и трет излез од училиштето, доградба	Континуирано следење на процесот при изведување на инфраструктурните	Директор Комисија за јавни набавки	Директор Основачот

напросторија и трпезарија за дневен престој	зафати Од 2022 до 2026 година		

11.Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на планираните активности од Развојната програма ќе подлежи на извештаи за напредокот и реализацијата на активностите кои се предвидени.

Училиштето, следејќи ги нормите и стандардите посочени од БРО и МОН, на секои две години спроведува самоевалуација од која излегуваат заклучоци за моменталната состојба на училиштето, но и за било кои недостатоци на кои мора да се посвети повеќе внимание.

Евалуацијата на развојната програма се врши преку самоевалуацијата за работата на училиштето на секои две години .

Освен самоевалуација, работата на училиштето подлежи и на интегрална евалуација која опфаќа: реализација на наставните план и програми, постигнувања на учениците, учењето и наставата, поддршка на учениците, клима во училиштето, ресурсите со кои училиштето располага, како и раководењето, управувањето и креирањето политики на училиштето.

12.Заклучок

Учебната 2021/2022 година заврши со креирање на нова Развојна програма на училиштето која треба да биде патоказ во наредните 4 години. За изработка на програмата беа користени информации, докази и сознанија од Самоевалуација на училиштето за 2020-2022година, во следните седум подрачја:

1. Наставни планови и програми
2. Постигнувања на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Клима во училиштето
6. Ресурси
7. Раководење, управување и креирање политики

Развојната програма беше изготвена следејќи ги сознанијата од гореспоменатата самоевалуација, како и „Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште“ препорачан од Министерството за образование и наука.

По согледување на резултатите и градење на една јасна слика за состојбата и напредокот на училиштето се истакнува постојаната потреба за надоградување и обогатување на ресурсите, поконкретно кај предметите во одделенска настава:

- математика;

- природни науки;
- физичко и здравствено образование;
- англиски јазик.

Кај предметната настава се бележи потреба за обновување на одредени наставни средства, но и надоградување на постоечките кај предметите:

- информатика
- историја;
- музичко образование.

Преку СВОТ анализата се истакнаа силните и слабите страни на основното училиште, од каде произлегуваат заклучоците дека:

- постои недостаток од кабинетска настава и опремување на училници со потребна технологија;
- наставниот кадар генерално смета дека не е доволно оспособен за работа со деца со посебни потреби;
- збогатување на училишната библиотека со стручни наслови,како и веќе споменатата потреба од надоградување на наставните средства и помагала по одредени предмети во одделенска и предметна настава.

Следењето на имплементацијата на Развојата програма на ООУ „Александар Урдаревски“ се сведува на четири подрачја кои во периодот 2022 - 2026 година треба да дадат резултати.

1. Поттикнување на сите ученици да се вклучат во воннаставни активности според нивниот интерес, по пол и етничка припадност;
2. Поддршка за наставниците во работата и соработката со учениците со ПОП;
3. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала;
4. Обезбедување втор излез од училиштето

За секое од нив има назначени одговорни лица, а Директорот на училиштето и стручната служба ќе бидат постојано информирани за текот на надзорот.

13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

Сузе Велковска Радевска - Директор

Гордана Поповска Чанговска - Социолог

Николина Ѓорчевска- Предметен наставник

Ана Гурмешевиќ - Одделенски наставник

Маја Тапарчевиќ- Библиотекар

Славица Пижевска– Родител

14.Користена литература

- ✓ Закон за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161/19 и 229/20)
- ✓ Закон за наставници и стручни соработници (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година)
- ✓ Закон за работни односи и („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 267/20)
- ✓ Закон за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија” бр.24/19 ибр.87/21))
- ✓ Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 година.

- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Наставен план за основно образование
- ✓ Годишни програми на училиштето од претходните четири години
- ✓ Извештаи за работата на училиштето од претходните четири години
- ✓ Извештај од интегралната евалуација на училиштето во 2018 година и
- ✓ Самоевалуација на училиштето за периодот од 2020-2022 година

Оваа Развојната програма е донесена согласно Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019) и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година.

Развојната програма е донесена и влегува во сила со денот на донесување на одлука од страна на Училишниот одбор.

Со денот на влегување во сила на оваа Развојна програма, престанува да важи Развојната програма на ООУ„Александар Урдаревски“ Чучер-Сандево, Скопје број 02-257/1 од 28.11.2018 година.

Датум
08.07.2022
Скопје

Директор
Сузе Велковска Радевска
_____

Претседател на Училишен одбор
Жаклина Тасевска